Архивски знак: / Shenja arkivore: ______
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: ______
______ 20____ година / viti
Потпис / Nënshkrimi ______

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57- 10
## Датум: 26.02.2025 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение на независни уметници – АДОБОЛС Тетово | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. Јован Ончески бр.14, Тетово | |
| Адреса за е-пошта | adobols2021@gmail.com | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 4028021545500 | |
| Даночен број на субјектот | / | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | 30011000159741 | |
| Банка депонент | Комерцијална Банка АД Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта adobols2021@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 24.02.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 13:00 ч. | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 26.02.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14:00 ч. | |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Здружение на независни уметници – АДОБОЛС Тетово | | | |
| Главна дејност на објектот– | / | | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде што се врши надзорот | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-10 од 18.02.2025г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот Здружение на независни уметници – АДОБОЛС Тетово од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 19-967/1 од 05.02.2025 поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК, Одделение за драмска и филмска дејности и Одделението за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **152.000 денари,** од одобрените 190.480 денари согласно со Договорот бр. 20-3075/1 од 01.03.2024г., за учество во финансирање на проектот – **театарска претстава „Лет во место“ во режија на** [redacted] **по текст на Горан Стефановски** избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на драмската дејност, како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | adobols2021@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- **Проектот Театарска претстава „Лет во место" во режија на по текст на Горан Стефановски** избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на драмската дејност, а согласно со Решението УП1 бр. 2937/2023 од

07.042024г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2024 година од обласа драмската дејност.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр.20-3075/1 од 01.03.2024г., за учество во финансирање на Проектот Проектот театарска претстава „Лет во место" во режија на по текст на Горан Стефановски, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на драмската дејност, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 190.480 денари.

- Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 20-3075/2 од 20.03.2024 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот театарска претстава „Лет во место", ќе се реализира во Тетово во периодот од 15.05.2024 до 27.11.2024 година. Исто така, наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.Авторски хонорари во износ од 103.480 денари; 2.Изработка на сценографија и костимографија во износ од 60.000 денари; 3.Аудиовизуелни материјали во износ од 3.000денари; 4.Изнајмување на сала во износ од 24.000 денари; Вкупно трошоци во износ од 190.480 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава од 18.03.2024 г., од за наменско користење на средствата.

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен на ден 25.12.2024 година заведен под бр.20-11744/1 од истиот датум, во прилог на извештајот се доставени: плакат во боја и карти во боја, фотографии, линкови од објави од facebook и Тетово инфо, Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како сценограф на износ од 30.000денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Адоболс Тетово и како учесник на износ од 22.000 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и за услуги за опремување на аудиовизуелни уметности и подготовка на годишна сметка, на износ од 10.000 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 8.000 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 6.500 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 6.500 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 9.500 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 3.000 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 6.000 денари; Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на износ од 10.000 денари; Договор со НУЦК Иљо Антески Смок Тетово и фактура бр.041 за изнајмување на простор во НУЦК Иљо Антески Смок Тетово, Извод бр. 13 од 28.11.2024; Извод бр. 17 од 04.12.2024; Извод бр.19 од 12.12.2024година.

- Со Решението за преведување на средства бр. 20-3075/3 од 12.04.2024 година, на корисникот Здружение на независни уметници – АДОБОЛС Тетово за проектот театарска претстава „Лет во место“, му е исплатен прв дел од средствата во износ од **152.000 денари**.

- На денот на инспекцискиот надзор на 24.02.2025 година, од страна присутното лице беше изјавено дека одговорното лице не е во можност да присуствува на надзорот бидејќи беше на операција и како негова замена ќе биде која изјави дека проектот театарска претстава „Лет во место“ е реализиран во НУЦК „Иљо Антески Смок“ во Тетово на ден 10.12.2024 година и со реприза на 15.12.2024 година. Притоа беше изјавено дека за двајца учесници нема договори, бидејќи истите се согласиле бесплатно да учествуваат во театарската претстава, додека за останатите учесници има договори и истите се исплатени со што во прилог се доставени изводи од Комерцијална Банка АД Скопје, додека за дел од договорите за и е уплатен само прв дел од вкупната сума, од авансно преведените средства од МКТ, додека со втората уплата од Министерство за култура и туризам ќе биде исплатен и вториот дел од договорите.

Во прилог за време на инспекцискиот надзор дополнително се доставени договори за втор дел за авторски хонорар и тоа: Договор помеѓу Здружението Адоболс и лицето како актер и продуцент склучен на ден 15.12.2024г., како втор дел од хонорарот на бруто износ од 16.080 денари, Договор помеѓу Здружението Адоболс и лицето како актер и продуцент склучен на ден 15.12.2024г., како втор дел од хонорарот на бруто износ од 16.081 денари и Договор помеѓу Здружението Адоболс и лицето како актер и продуцент склучен на ден 15.12.2024г., како втор дел од хонорарот на бруто износ од 10.000 денари, кој ќе бидат уплатени откако ќе бидат преведени средствата од МКТ.

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот театарска претстава „Лет во место", од преведените средства во износ од **152.000 денари** корисникот потрошил средства по следните износи и намени и тоа:

1. **32.258 денари, бруто износ, за авторски хонорар за сценографија,** Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како сценограф на нето износ од 30.000 денари;
2. **23.404 денари, бруто износ, за авторски хонорар за костимографија,** Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и како учесник на нето износ од 22.000 денари;
3. **11.111 денари, бруто износ, за авторски хонорар за аудиовизуелни материјали,** Договор склучен на ден 01.12.2024 помеѓу Здружение Адоболс Тетово и за услуги за опремување на аудиовизуелни уметности и подготовка на годишна сметка, на нето износ од 10.000 денари;
4. **53.226 денари, бруто износ, за авторски хонорар за актери-учесници на театарската претстава** склучени договори со: , на нето износ од 49.500денари и
5. **28.320 денари, бруто износ, за изнајмување на сала,** Договор со НУЦК „Иљо Антески Смок" Тетово и Фактура бр.041 на износ од 28.320 денари за изнајмување на простор во НУЦК „Иљо Антески Смок" Тетово;

   **Вкупно потрошени средства во износ од 148.319 денари.**

-Трошокот за авторски хонорар за аудиовизуелни материјали (11.111) е повисок од износот предвиден за таа ставка во Образецот за оперативен и финансиски план


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

(3.000 денари), но тој при надзорот е признат како наменски со оглед дека согласно со член 11 став (2) и став (4) од Договорот со МК, корисникот има право да изврши измени од помал обем, односно промени во износот на намените утврдени во Образецот во износ до 15% од вкупниот износ на средства, без притоа да побара пренамена, односно да се склучи анекс кон договорот.

- Фактурата бр.042 од НУЦК „Иљо Антески Смок" - Тетово, на износ од 14.160 денари, за реприза на театарска претстава „Лет во место", неможе да се прифати бидејќи реприза на претставата не е планирана во пријавата за проектот од 07.11.2023г., и во оперативниот и финансиски план од 18.03.2024 година.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот театарска претстава „Лет во место", на корисникот Здружение на независни уметници – АДОБОЛС од Тетово е реализиран и истиот е одржан во НУЦК „Иљо Антески Смок" во Тетово, на ден 10.12.2024 година, а авансно преведените средства во износ од 152.000 денари се потрошени наменски согласно со Договорот бр. 20-3075/1 од 01.03.2024г., и Оперативниот и финансиски план бр. 20-3075/2 од 20.03.2024година.**
**Притоа, Министерството за култура и туризам има преостаната обврска по проектот во износ од 38.480 денари, за исплата на авторските хонорари втор дел од хонорарот по договори, согласно со Оперативниот и финансиски план бр. 20-3075/2 од 20.03.2024година.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/<u>НЕМАШЕ</u> забелешки.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за Дарко Аџиевски, помошник инспектор за култура | |
| Датум: | 27.02.2025 г. | Датум: | 26.02.2025 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk